Институт за социјална демократија
Kalevi Sorsa Foundation
Friedrich Ebert Stiftung
OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

Документ за јавна политика

„Како да обезбедиме подобри можности за генерацијата Алфа?“



Документ за јавна политика

„Како да обезбедиме подобри можности за генерацијата Алфа“

Ментор:
Драган Тевдовски

Автори:
Борјан Георгиевски
Марко Јаневски
Милот Селими

Резиме

Овој труд го анализира централниот проблем дека генерацијата Алфа во Северна Македонија нема да има еднаква почетна позиција во животот, односно ќе се соочи со значителна нееднаквост на можностите. Овој проблем е важен затоа што директно влијае врз идниот квалитет на живот, социјалната мобилност и економскиот развој на државата, а истовремено може да ги продлабочи постојните разлики меѓу различните општествени групи. Дополнително, нееднаквоста на можностите не е само индивидуален предизвик, туку структурен и меѓугенерациски проблем кој може да се пренесува во иднина доколку не се адресира навремено.

Ставот на овој труд е дека еднаквите можности за генерацијата Алфа не можат да се постигнат само преку индивидуални напори, туку бараат системски јавни политики кои истовремено ги опфаќаат образованието, пазарот на труд и домувањето. Во таа насока, клучните препораки вклучуваат темелна реформа на образовниот систем со усогласување со европски стандарди, воведување на стандардизирани тестирања, подобрување на статусот и квалитетот на наставниците, како и промена на наставните методи кон критичко размислување. Понатаму, се предлага активна државна улога во планирање на пазарот на трудот, преку стратегија за идни професии, програми за младите лица кои се во возраст од 15 до 29 години кои што не се во образование, обука или вработување - NEET, вложувања од компаниите во обуки и преквалификации, како и даночни и инвестициски стимули за развој на човечки капитал. Во доменот на домувањето, се предлагаат даночни реформи за наследство, повисоко оданочување на празни недвижности и фонд за домување кој ќе овозможи пристап до прв дом за младите.

Доколку овие препораки се имплементираат, се очекува значително намалување на образовниот и економскиот јаз со ЕУ, зголемена вработливост и продуктивност на младите, повисоки плати и поголема пристапност до домување. На долг рок, тоа би резултирало со поголема социјална еднаквост, намалување на одливот на млади и создавање на постабилна и поинклузивна економија во Северна Македонија.

1. ВОВЕД

Генерацијата Алфа се развива во средина обележана со интензивна дигитална трансформација, надворешни шокови и геополитички тензии. За разлика од претходните генерации, овие деца од најрана возраст користат интернет, мобилни уреди и различни дигитални платформи како дел од секојдневието. Ова им овозможува полесен пристап до информации, но истовремено ги изложува и на предизвици поврзани со прекумерно скролање, изложеност на непотребни информации и зависност од допамински шокови.

Главниот проблем што го анализира овој труд е тоа што децата од Генерацијата Алфа во Северна Македонија немаат еднаква почетна позиција во животот, односно нема да имаат еднаков пристап до можностите што ќе го одреди нивниот иден квалитет на живот.

Клучните прашања на овој труд се: Кои се главните пречки што ги ограничуваат можностите на Генерацијата Алфа? Дали образовниот систем ќе ги подготви за новот време? Какви ќе бидат нивните платите? Дали вештачката интелигенција (ВИ) ќе им ги земе работните места? Дали ќе можат да купат сопствен дом?

Основната теза на трудот е дека подобрите можности за Генерацијата Алфа не можат да се обезбедат само преку индивидуален труд и лична мотивација, туку се потребни системски јавни политики. Главната цел на трудот е да се обезбеди секое дете од Генерацијата Алфа да има фер почеток во животот, без разлика на семејниот доход, местото на живеење, етничката припадност, попреченоста или социјалното потекло. Ние сметаме дека децата од Генерацијата Алфа во Северна Македонија не започнуваат со еднакви животни можности, односно постои значителна нееднаквост на можностите уште од раното детство. Оваа нееднаквост се манифестира во две основни димензии: (1) помали можности во споредба со врсниците во земјите од Европската Унија (ЕУ) и (2) внатрешни нееднаквости во самата држава, каде што животните шанси на децата зависат од доходот, имотот и социјалниот статус на нивните семејства.

Трудот ја има следната структура. Во делот 2, се анализира природата и причините на проблемот. Во делот 3 се претставени засегнатите страни. Во деловите 4 и 5 се предлагаат целите на политиките и можните решенија. На крајот е даден заклучокот и препораките.

2. АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМОТ

Централниот проблем е што генерацијата Алфа во С. Македонија нема да има еднаква почетна позиција во животот, односно немање на еднаквост на можностите. И тоа, нееднаквоста на можностите, ние ја гледаме во две димензии: 1) помали можности во споредба со други земји од Европа и 2) во рамките на С. Македонија, различните деца од генерацијата Алфа имаат различни можности во зависност од доходот и имотот на нивните семејства.

Постоењето на помали можности на генерацијата Алфа во споредба со други земји од Европа може да се согледа во два важни елементи: помал квалитет на образованието и полоши можности на пазарот на трудот. Тие се во основа двете клучни фази од продуктивниот развој на луѓето: образованието и работата.

Можностите за стекнување на квалитетно образование се клучни за обезбедување на добар стандард за живот во иднина. За проблемот на квалитетот на македонското образование постојат повеќе показатели. Прво, С. Македонија е постојано рангирана како последна, заедно со Албанија, на ПИСА тестирањето во Европа, а во последните 10 во светот (World Population Review, 2026). Второ, кај нас, младите на возраст до 18 години имаат поминато 13 години во училиште, а според резултатите на стандардизираните тестови знаат како да имаат учено само 7,3 години (World Banka, 2023) .Односно, децата кои се денес родени во С. Македонија успеваат да го остварат само половина од својот потенцијал (или точно 56% според Светска банка) во споредба со тоа ако добиле квалитетно образование и се здрави. Трето, во високото образование, земјава нема универзитети рангирани во првите 1000 на Шангајската (ARWU) листа, што укажува на ниска конкурентност, ограничена научна продукција и слаба интеграција во глобалниот академски систем (ShanghaiRanking Consultancy, 2025).

Младите се соочуваат и со проблеми на пазарот на трудот, ако се споредат со ЕУ. Прво, младите се соочуваат со значителни потешкотии при преминот од образование кон работа. Кај нас стапката на млади на возраст од 15 до 29 години кои што не се во образование, обука или вработување (англ. Not in Education, Employment, or Training - NEET) изнесува 23,4% во 2025, додека во ЕУ таа е пониска Според Евростат, во ЕУ таа е 11,0% во истата година (Eurostat, edat_lfse_20, 2026). Ова зборува дека постои недоволна усогласеност на системот за образование со пазарот на работна сила, но и недоволна подршка за обуки и

преквалификации на младите. Второ, наградата која што за својот труд се добива во македонската економија е пониска од таа во Европа. Просечната нето-плата во македонската економија е 700 евра, додека во ЕУ е двојно повисока (1395 евра) во 2025 година (Eurostat, earn_nt_net, 2026), (State Statistical Office of the Republic of North Macedonia, 2024). Во иста насока е минималната плата, ако се гледа во бруто-износ, кај нас е 586 евра во 2025 година, што е најниско во регионот, заедно со Албанија. За споредба во Бугарија изнесува 620 евра, Романија 795 евра и во Хрватска 1050 евра (Eurostat, earn_mw_cur, 2026).

Покрај ова, се појавува и нов тренд на превземање на работните места од вештачка интелегенција. Сите генерации ќе бидат погодени од него, а какви ќе бидат можностите за генерацијата Алфа е неизвесно од денашна перспектива. Според Меѓународната организација на трудот (ILO, 2020), младите работници имаат највисок ризик од автоматизација бидејќи почесто работат на почетни позиции со поголем удел на автоматизирани задачи. Исто така, ILO предупредува дека недостигот на работни места кои одговараат на квалификациите на младите и брзиот технолошки развој создаваат дополнителна неизвесност во нивниот кариерен развој.

Претходните проблеми генерално ги погодуваат сите млади во Македонија. Но, само поимотните семејства имаат пари за да се обидат да излезат од нив, односно на нивните деца да им овозможат подобри можности за старт во животот. Тие можат да ги запишат своите деца во приватни училишта, каде што се работи по меѓународни програми и им предаваат и странски предавачи, но кој што чинат илјадници евра годишно. Слично на ова, имотните семејства можат да ги испратат своите деца на универзитети во странство. На ова можат да се дополнат и политички поврзаните семејства, бидејќи иако можат да се добијат стипендии за студирање на универзитети во странство, Министерството за образование и наука е целосно нетранспарентно, под повеќе различни владини гарнитури, за тоа кои се добил стипендија и дали се вратил и работел во земјата што е едно од барањата во законот.

За жал, во Македонија, државните институции не објавуваат податоци каква е вистинската распределба доходот и имотот на граѓаните (или семејствата / домаќинствата) во Македонија. За доходот, тоа би требало да го прави Управата за јавни приходи (УЈП) и секоја година да ја објавува оваа распредлба на доходот, односно да може да се види кои се праговите на различните перцентили во доходот и колку лица во секој перцентил има. Во моментов Државниот завод за статистика објавува единствено проценка на распределбата на доходот врз основа на анкета. На табелата 1 покажана е распределбата на доходот по квинитили во последната година за која што има објавен податок (2024 година). Просечниот месечен доход во првиот квинтил (20% од населението со најнизок доход) изнесува 17987 денари, во вториот квинтил (вторите 20% од населението подредено според доходот) е 31320 денари, во третиот квинтил (третите 20%) е 47937 денари, во четвртиот квинтил (четвртите 20%) е 65459 денари и во петтиот квинтил (20% од лицата со највисок доход) е 92418 денари. Меѓутоа, ние мислиме дека поголеми разлики се јавуваат во доходот на лицата кои се во 1% од највисок доход со останатите.

Табела 1: Вкупен расположлив приход на домаќинствата, по квинтили, просек по домаќинство, 2024

1	**Вкупен расположлив приход на домаќинствата, по квинтили, просек по домаќинство, 2024**					
2						
3	**Квинтил**	**Расположлив приход, на годишно ниво**	**Расположлив приход, на месечно ниво**			
4	1	215,847	17,987			
5	2	375,841	31,320			
6	3	575,244	47,937			
7	4	785,506	65,459			
8	5	1,105,777	92,148			
9						
10						
11	**Квинтил**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**
12	**Вкупен расположлив приход**	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0
13	**Плати од вработеност**	35.3	45.8	58.1	71.4	75.5
14	**Приход од самовработеност**	14.2	12.0	10.5	7.0	8.2
15	**Приход од имот**	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0
16	**Пензии**	31.5	35.6	28.6	19.8	14.7
17	**Социјални трансфери**	12.1	4.0	2.3	1.6	1.2
18	**Примени приватни трансфери**	7.3	2.9	0.7	0.3	0.3
19	**Друг вид на приход**	-	0.0	0.0	0.0	0.1
20	**Дадени приватни трансфери**	-0.4	-0.3	-0.3	-0.2	-0.1
21						
22						

Исходите на пазарот на работна сила, пред се платите, ќе влијаат на можностите за купување на дом од страна на генерацијата Алфа. Податоците за достапноста на домување укажуваат дека младите во С. Македонија се соочуваат со значителен финансиски јаз при купување на сопствен дом. Во Скопје, просечната цена на станбен простор достигнува околу 147.700 денари по квадратен метар, додека просечната нето плата изнесува околу 46.000 денари месечно. Тоа значи дека за купување стан од 60 м^2 се потребни приближно 193 просечни месечни плати, односно повеќе од 16 години вкупен приход. Ваквиот однос помеѓу цените на недвижностите и приходите го прави домувањето сè понедостапно за младите, особено за оние кои немаат наследен капитал или финансиска поддршка од семејството (Numbeo, 2026). Ова е во моментов, а ако не се превемат мерки за подобрување на квалитетот на образованието, исходите на пазарот на трудот и овозможување на домувањето, можностите за генерацијата Алфа ќе бидат полоши.

Доколку проблемот не се реши, последиците ќе бидат значајни и долгорочни. Прво, ќе се продлабочи јазот меѓу генерациите, каде што само оние со наследен капитал ќе можат да поседуваат дом, додека останатите ќе останат во долгорочно изнајмување.

3. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Во анализата на засегнатите страни, централно место има генерацијата Алфа, како генерација чии животни можности, образование, дигитални вештини и идно учество на пазарот на трудот ќе бидат директно обликувани од јавните политики што се носат денес. Врз развојот на оваа генерација значајно влијание имаат и генерацијата Зет (англ. Generation Z)., како најблиска постара генерација со силно дигитално и културно влијание, како и нивните родители, кои главно припаѓаат на генерацијата Милениумци (англ. Generation Millennial или Generation Y). Истовремено, анализата ги опфаќа и интересите на пензионерите, кои поради стареењето на населението и континуираните миграции во странство стануваат сè поважна и бројна општествена група во македонското општество. Затоа, овој дел ги разгледува карактеристиките, потребите, очекувањата и можните

влијанија на политиките врз овие генерациски групи, со посебен фокус на меѓугенерациската правичност и еднаквите можности.

Генерацијата Алфа се однесува на деца родени помеѓу 2010 и 2024 година. Тие се првата генерација која расте целосно во 21 век и во високо дигитална средина. Уште од раното детство, тие се изложени на паметни телефони, компјутери, онлајн платформи, дигитално учење, социјални медиуми и, сè повеќе, на вештачка интелигенција (Encyclopaedia Britannica, Generation Alpha, 2026)). Ова ги прави посебна група на засегнати страни бидејќи нивните очекувања, однесување, модели на учење и социјални интеракции се обликувани од технологијата во многу поголема мера отколку претходните генерации.

Тие се соочуваат и со проблеми и предизвици, кои што се типични за нив. Поради тоа што се дигитално растени, повеќето од времето го поминуваат пред екраните. Тоа доведува до т.н. проблем на гниење на мозокот (англ. brain rot). Тоа е влошување на менталната или интелектуалната состојба поради прекумерно користење на безвредна (тривијална) онлајн содржина (Oxford University Press, 2024). Дополнително, тие растат во дигитална средина доминирана од платформи за кратки видеа како што се TikTok, YouTube Shorts и Instagram Reels. О вие платформи се дизајнирани за брзо менување содржини и постојана стимулација. Тоа пак доведува до зависност од допамински шокови. Истражувањата сугерираат дека овој медиумски формат е поврзан со намалено одржливо внимание и послаб фокус на долги, сложени задачи. Постојаното изложување на брзо менувачка содржина го тренира мозокот да очекува моментална новина и брзи награди, што го отежнува одржувањето на концентрацијата на побавни активности како што се читање или учење. Студиите, исто така, покажуваат дека прекумерната употреба на кратки видеа е поврзана со послаби академски перформанси и тешкотии со контролата на вниманието кај децата и адолесцентите (Head, 2025).

Генерацијата Алфа е сè повеќе изложена на механизми слични на коцкање кои се достапни на онлајн платформи и видео игри. Ова вклучува gacha системи, обложување со скин и симулирани средини во казино. Истражувањата покажуваат дека адолесцентите веќе се вклучуваат во активности на коцкање преку интернет, со поголем ризик од проблематично коцкање кај онлајн корисниците во споредба со офлајн коцкарите. Раната изложеност кај децата е силно поврзана со подоцнежна штета од коцкање и ризик од зависност (Elton-Marshall, Leatherdale and Turner, 2016). А, треба да се истакне дека тие се се соочуваат и со така нареченият сајбер булинг и други видови на онлајн насилство (Mutiarasari, Listiana and Rachmawati, 2025), поради непостоење на регулација на дигиталните средини кои што ги користат.

Нивниот најважен предизвик е што е неизвесна нивната иднина во пазарот на трудот. Автоматизацијата и дигитализацијата веќе превземаат работни места, а вештачката интелегенција силно го забрзува овој процес. На пример, една скорешна студија на ОЕЦД покажува дека околу 28% од работните места се под ризик да бидат целосно автоматизирани од страна на вештачката интелегенција во земјите на ОЕЦД (OECD, 2026). А, не треба да се заборави дека вештачката интелегенција се повеќе ќе се подобрува и не може да се знае до каде превземањето на работни места ќа оди.

Генерацијата Зет, како најблиска постара генерација, вклучува родени помеѓу 1997 и приближно 2010 година (Encyclopaedia Britannica, Generation Z, 2026). Тие се првата генерација што пораснала со паметни телефони (англ. smart phones), социјални медиуми и

постојан пристап до интернет како нормален дел од секојдневниот живот. Тие се дигитално писмени и активно учествуваат во обликувањето на онлајн културата.

Генерацијата Зет директно влијае врз Генерацијата Алфа. Генерацијата Алфа ги користи истите платформи, но на порана возраст и со поголем интензитет. Многу деца од Генерацијата Алфа учат однесувања, јазик и преференции за забава од содржината создадена од Генерацијата Z. Теоријата за социјално учење го објаснува овој процес преку набљудување и имитација на постари врсници во дигитални средини. Дополнително, генерацијата Зет веќе се вклучуваат на пазарот на трудот и започнуваат да креираат производи и услуги. Темелите и правилата што денес Зет ги поставува, се оние по кои утре Алфа ќе треба да ги следи. Тие ќе бидат раководители во фирми во кои што Алфа ќе работи, ќе бидат носители на промените во политиката и слично.

Милениумци, кои претставуваат доминантна родителска генерација на Генерацијата Алфа, имаат значајна улога во обликувањето на своите деца. Миленијалците се луѓе родени помеѓу 1981 и 1996 година. Тие се сметаат за „мост“ помеѓу постарата, аналогна генерација и денешниот дигитален свет (Pew Research Center, 2019). Денес, тие се наоѓаат во најактивниот период од животот: работат, формираат семејства, купуваат или изнајмуваат домови, одгледуваат деца и претставуваат значаен дел од даночните обврзници. Нивните главни интереси се поврзани со стабилни и добро платени работни места, обезбедување на дом, квалитетни јавни услуги, чиста животна средни и слично. Како родители на голем дел од генерацијата Алфа, тие имаат директен интерес од подобро образование, достапни градинки, квалитетна здравство и генерално политики што ќе обезбедат фер почетна позиција за нивните деца. Но, се соочуваат со комплексни предизвици, како војни, геополитичка фрагментација, замена на слободната трговија со протекционизам во економиите, автоматизација и губење на работните места, политичка поларизација и движење према екстремно леви или десни политики. Милениумците ги пренесуваат вредностите, ставовите, политичките убедувања, како и степенот на доверба во институциите, на генерацијата Алфа.

Населението во С. Македонија е во процес на демографско стареење. Ако пред четириесетина години, најголемо процент од населението бил млади, денес се повеќе се зголемува бројот на пензионерите. Во моментов пензионери се главно генерацијата на бејби-бумерс (англ. baby boomers generation), родени од 1946 до 1964 година, и во оваа категорија на пензионери за брзо ќе влезе и генерацијата Икс (англ. generation X), родени од 1965 до 1980 години, а во иднина и Милениумците. Важно е да се истакне дека проекциите на населението изработени од Државниот завод за статистика покажуваат дека старосната пирамида на населението ќе се преврти, при што учеството на лицата на возраст од 65 и повеќе години ќе биде најголемата возрасна група во следните декади (State Statistical Office of the Republic of North Macedonia, 2023). Ова значи дека пензионерите ќе бидат најголемата и можеби највлијателната возрасна група во С. Македонија во наредните децении.

Интересите на пензионерите се разликуваат од интересите на генерацијата Алфа. Растечкиот број пензионери ќе бара поголеми јавни расходи за пензии, здравствени услуги и социјална поддршка. Финансирањето на овие системи ќе зависи од бројот на работоспособни лица кои ќе останат, ќе работат и ќе плаќаат даноци и придонеси во земјата. Од друга страна, пензионерите веќе имаат стекнато одреден имот, заштеди или капитал, додека генерацијата Алфа допрва треба да стекне образование, работни места, приходи и економска сигурност. Затоа, меѓу

пензионерите и генерацијата Алфа постои силна меѓугенерациска зависност. За пензионерите е од суштинско значење младите генерации да останат во земјата, да добијат квалитетно образование и успешно да се вклучат на пазарот на трудот. Само така ќе се обезбеди доволен број економски активни граѓани кои ќе создаваат доход, ќе плаќаат даноци и придонеси и ќе ја поддржуваат долгорочната одржливост на пензискиот, здравствениот и социјалниот систем. Истовремено, и генерацијата Алфа има директен интерес овие системи да бидат одржливи и правично финансирани, за во иднина товарот од стареењето на населението да не се пренесе врз нив преку повисоки даноци, поголеми придонеси или намалени јавни инвестиции во образование, вештини, домување и можности за младите. Затоа, јавните политики треба да градат рамнотежа меѓу достоинствен живот за постарите генерации и фер почетна позиција за младите генерации.

4. ПРЕДЛОГ ЦЕЛИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ

Општата цел на овој политички документ е обезбедување еднаква почетна позиција и еднакви можности за Генерацијата Алфа во Северна Македонија, преку намалување на структурните нееднаквости во образованието, пазарот на трудот и пристапот до домување. Ова подразбира создавање систем во кој животните шанси на децата не зависат од семејниот доход, имотот, местото на живеење или социјалното потекло, туку од нивните способности, труд и потенцијал.

Остварувањето на оваа општа цел директно придонесува кон поголема социјална мобилност, намалување на сиромаштијата, зголемување на продуктивноста и долгорочен економски развој на државата. Исто така, остварувањето на оваа цел би им помогнало и на следните генерации.

Во поглед на образованието клучно е намалување на образовниот јаз меѓу С. Македонија и земјите од Европската Унија, и тоа на сите нивоа во основното, средното и високото образование. Првата цел е да го зголемиме резултатот на С. Македонија во PISA тестирањата. Првична цел би било да приближување на земја од регионот, во овој случај Србија, која се наоѓа во средината на светската ранг листа. Ова би било 5 годишна цел. Подолгорочна цел е приближување до Словенија која се наоѓа во горниот дел од светската ранг листа. Друга цел е Универзитетот Св. Кирил и Методиј, да влезе во најдобрите 1000 на Шангајската листа. Ова би било 5 годишна цел. Подолгорочна цел е приближување до Универзитетите во Загреб и Белград и влегување во најдобри 500 на листата. Третата цел е да се спречи праксата на скролање и на допамински шокови на младите луѓе, и да се замени со културата на читање,и на критичко размислување.

Главната цел на пазарот на трудот е создавање работни места со повисоки плати. А, важно е да се направи предвидување на работните места кои нема да бидат заменети со ВИ, и приспособување на образовниот систем да создава кадри со такви квалификации. Клучно е да се спречи создавање „изгубена генерација“ на млади лица кои остануваат надвор од образование, обука и вработување во најважните години од нивниот личен и професионален развој Дополнително да се создадат услови во кои секој млад човек, без оглед на семејното потекло или местото на живеење, ќе има реална шанса за професионален развој.

Во поглед на домувањето, главна цел ни е да се намали зависноста на животниот пат на Генерацијата Алфа од наследениот имот, така што пристапот до дом нема да биде привилегија на младите родени во имотни семејства. Дополнително

да се спречи создавање „генерација на трајни кирајции“, преку обезбедување реална можност младите да стекнат станбена независност во првата деценија од полнолетството.

5. МОЖНИ РЕШЕНИЈА

Во овој дел, ќе разгледаме две можни сценарија. Првото сценарио е доколку се продолжи како до сега, без промени. Додека второто сценарио е што би се случило, доколку се направат реформи.

Прво сценарио

Доколку се продолжи како до сега, односно не се превземаат адекаватни политики кои ќе ги адресираат предизвиците, мислиме дека нема да има добра иднина пред генерацијата Алфа.

Образовниот систем ќе продолжи да заостанува зад тие во Европа. Нашите основци, би имале повторно ниски резултати изразени во PISA. Нашите ученици и студенти би заостанувале од другите врсници од регионот и светот. Ни еден од нашите универзитети суеште нема да биде во најдобрите 1000 универзитети во светот. Главната последица од ова би била од овие ниски исходи на образованиот систем е што ќе се создава работна сила со ниски знаења и компетенции, кои што ќе имаат малку можности да работат на добро платени работни места.

Пазарот на трудот ќе продолжи да биде со ниски плати. Работниците нема да имаат услови за достоинствен живот. А, да биде уште полошо, нашата работна сила нема да биде навремено прилагодена да се справи со новите трендови на дигитализација на работните места и користење на вештачка интелегенција.

Ниските плати ќе го зголемуваат јазот во можностите да се купи сопствен дом од страна на генерацијата Алфа. Веројатно сообносот помеѓу плата и цената на квадратот на дом ќе продолжи да биде висока. Работникот ќе треба да изнајмува долгорочно и ќе создаде генерација на кирајции наместо на сопственици.

Второ сценарио

Ова сценарио предвидува структурна реформа на образовниот систем, пазарот на труд и станбената политика, со цел да се обезбедат еднакви можности за генерацијата Алфа. Во однос првото сценарио, второто сценарио предвидува поамбициозни мерки. И ова сценрио се темели на три столба кои ги опфаќаат образованието, пазарот на трудот и домувањето.

Првиот столб на сценариото предвидува
темелна реформа на образовниот систем со цел приближување на неговиот квалитет до тој на Европската Унија. Во сите основни и средни училишта, без исклучок, да се воведат и спроведуваат програми по меѓународно признати акредитации. Паралелно со ова, ќе се воведе систем на полугодишни тестирања базирани на меѓународни стандардизирани тестови, чија цел ќе биде континуирано следење на усвојувањето на знаењата и навремена интервенција кај учениците и училиштата каде што има заостанување. Наставничката професија ќе биде вреднувана преку зголемување на платите до ниво споредливо со она на докторите, но истовремено ќе се воспостави и строга селекција за тоа кој може да предава на деца. Дополнително, ќе се воведе задолжително дневно време за читање во училиштата, како мерка за подобрување на писменоста и концентрацијата. Ќе се воведе регулација на користење на социјалните мрежи, по унрек на земјите од ЕУ, со цел да се ограничи можноста на социјалните медиуми да креираат зависност од допамински шокови кај

корисниците и да го наведуваат нивното однесување. На високообразовно ниво, бројот на универзитети ќе се намали, со заострени критериуми за акредитација, а финансирањето ќе биде врзано за резултати, вклучително научна продукција и број и квалитет на студенти.

Вториот столб предвидува државата да преземе активна улога во управувањето со идниот пазар на трудот преку долгорочно планирање на потребните професии во следните 20 години. Ќе се изработи национална стратегија за работни места, базирана на анализа и влијанието на вештачката интелигенција, со цел мапирање на потребните работни места, преку која образовниот систем ќе се прилагоди да произведува кадар кој ќе биде конкурентен на пазарот на трудот. Сите млади лица кои се во возраст од 15 до 29 години кои што не се во образование, обука или вработување –NEET, ќе бидат опфатени со задолжителни програми за обука, преквалификација и активна посредничка улога на државата во нивно вклучување на пазарот на трудот. Дополнително, фирмите кои користат вештачка интелигенција ќе имаат обврска да издвојуваат 1% од својот годишен приход за интерни обуки и усовршување на вработените, со цел адаптација на работната сила на технолошките промени. Слично на тоа, компаниите со приходи над 1 милион евра ќе издвојуваат уште 1% во посебен државен Фонд за обуки и преквалификации, кој ќе се користи за системска надградба на човечкиот капитал. Воедно, ќе се воведе обврска секој вработен во акционерско друштво да добие понуда за купување на акции по однапред дефинирана цена по период од пет години. За привлекување на квалитетни странски и домашни инвестиции, ќе се воведе и даночно ослободување од данок на добивка во период од 10 години за компании кои отвораат центри за истражување и иновации и вработуваат најмалку 20 лица.

Третиот столб се однесува на реформа на станбената политика со цел зголемување на достапноста на домувањето за младите генерации. Ќе се воведе данок на наследство и подарок и во прво колено доколку вредноста на имотот надминува 1 милион евра, со стапка од 5%, а овие приходи директно ќе се слеваат во Фонд за домување. Овој фонд ќе обезбедува поддршка за млади семејства со ниски приходи и ограничен семеен имот, овозможувајќи им пристап до прв дом. Дополнително, данокот на празни недвижности ќе биде тројно зголемен со цел да се намали шпекулативното држење на станови надвор од употреба и да се зголеми понудата на пазарот. Во сите општини ќе се воведе единствена методологија за проценка на реалната пазарна вредност на недвижностите, со што оданочувањето ќе се базира на реална, а не административна вредност. Овие мерки заедно имаат цел да обезбедат на сите од генерација алфа стабилна иднина во којашто ќе сакаат да останат во нашата земја.

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Централниот проблем на оваа анализа е дека генерацијата Алфа во Северна Македонија нема да има еднаква почетна позиција во животот, односно ќе се соочи со нееднаквост на можностите. Во таа насока, предложивме сценарија кои покажуваат две можни иднини: едната без суштински промени, која води кон продолжување на структурните слабости и ограничени животни шанси. Втората, која преку амбициозни реформи во образованието, пазарот на труд и домувањето создава основа за поголема еднаквост, економска сигурност и подобри можности за младите генерации.

Табела 2: Клучни препораки на трудот

ОБРАЗОВАНИЕ	ПАЗАР НА ТРУД	ДОМУВАЊЕ
Програми по меѓународно признати акредитации	Мапирање на потребните работни места	Данок на наследство
Полугодишни тестирања	1% од својот годишен приход на фирмите за интерни обуки	Фонд за домување
Зголемување на платата на наставниците	1% од приходот во посебен државен Фонд за обуки	Данокот на празни недвижности ќе биде тројно зголемен
Дневно време за читање во училиштата	Понуда за купување на акции во АД	Методологија за проценка на реалната пазарна вредност на недвижностите

7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Elton-Marshall, T., Leatherdale, S.T. and Turner, N.E. (2016) ‘An examination of internet and land-based gambling among adolescents in three Canadian provinces: results from the Youth Gambling Survey (YGS)’, BMC Public Health, 16, p. 277. Available at: https://-doi.org/10.1186/s12889-016-2933-0 (Accessed: 27 June 2026).
2. Encyclopaedia Britannica (2026) Generation Alpha. Available at: https://www.britanni-ca.com/topic/Generation-Alpha (Accessed: 27 June 2026).
3. Encyclopaedia Britannica (2026) Generation Z. Available at: https://www.britanni-ca.com/topic/Generation-Z (Accessed: 27 June 2026).
4. Eurostat (2026) Minimum wage statistics (earn_mw_cur) – Data Browser table. Availa-ble at: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/earn_m-w_cur__custom_19867570/default/table (Accessed: 27 June 2026).
5. Eurostat (2026) Net earnings (earn_nt_net) – Data Browser table. Available at: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/earn_nt_net/default/table?lang=en (Accessed: 27 June 2026).

6. Eurostat (2026) Young people neither in employment nor in education and training (NEET), by labour status (edat_lfse_20). Available at: https://ec.europa.eu/eurostat/data-browser/view/edat_lfse_20 (Accessed: 27 June 2026).
7. Head, K.R. (2025) Short-form Video Use and Sustained Attention: A Narrative Review (2019–2025). International Journal of Community Empowerment & Society Administration, 2(4), pp. 60–67. Available at: https://doi.org/10.6084/m9.figshare.30648764.
8. International Labour Organization (ILO) (2020) Global Employment Trends for Youth 2020: Technology and the Future of Jobs. Geneva: ILO. Available at: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/@dgreports/@dcomm/@publ/documents/publication/wcms_737648.pdf (Accessed: 27 June 2026).
9. Mutiarasari, A., Listiana, A. and Rachmawati, Y. (2025) Understanding Gen Alpha Digital Language: Evaluation of LLM Safety Systems for Content Moderation. arXiv. Available at: https://doi.org/10.48550/arXiv.2505.10588.
10. Numbeo (2026) Property Prices in Skopje. Available at: https://www.numbeo.com/property-investment/in/Skopje (Accessed: 27 June 2026).
11. OECD (2026) Future of work. Available at: https://www.oecd.org/en/topics/future-of-work.html (Accessed: 27 June 2026).
12. Oxford University Press (2024) 'Brain rot' named Oxford Word of the Year 2024. Available at: https://corp.oup.com/news/brain-rot-named-oxford-word-of-the-year-2024/ (Accessed: 27 June 2026).
13. Pew Research Center (2019) Where Millennials end and Generation Z begins. Available at: https://www.pewresearch.org/short-reads/2019/01/17/where-millennials-end-and-generation-z-begins/ (Accessed: 27 June 2026).
14. ShanghaiRanking Consultancy (2025) Academic Ranking of World Universities 2025. Available at: https://www.shanghairanking.com/rankings/arwu/2025 (Accessed: 27 June 2026).
15. State Statistical Office of the Republic of North Macedonia (2023) Population projections of the Republic of North Macedonia up to 2070 (Проекции на населението на Република Северна Македонија до 2070 година). Skopje: State Statistical Office. Available at: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Proekcii_2070_mk.pdf (Accessed: 27 June 2026).
16. State Statistical Office of the Republic of North Macedonia (2024) Press release No. 14927. Available at: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=40&rbr=14927 (Accessed: 27 June 2026).
17. World Bank (2023) North Macedonia. Human Capital Project: Annual Meetings 2023 Human Capital Ministerial Conclave Brief. Washington, DC: World Bank. Available at: https://thedocs.worldbank.org/en/doc/64e578cbeaa522631f08f0-cafba8960e-0140062023/related/HCI-AM23-MKD.pdf (Accessed: 27 June 2026).
18. World Population Review (2026) PISA Scores by Country 2026. Available at: https://worldpopulationreview.com/country-rankings/pisa-scores-by-country (Accessed: 27 June 2026).



progres.org.mk